1. Новата влада излезе со големи амбиции за реформи. Ја имаме агендата 3-6-9, постојани изјави и посветеност на нивна имплементација. Вие, како амбасадор, како гледате на сите овие моменти и овој импулс?

Реформската агенда претставува одличен патоказ. Фазите на нејзино изготвување и презентација беа навистина успешни. Агендата овозможи Македонија да се врати на европската и меѓународната сцена како позитивен чинител. Исто така, таа го означи крајот на еден период на стагнација, па дури и регресија, во која загубивте дел од првичниот напредок на патот на интеграциите во ЕУ и НАТО. Наклонетоста е повторно стекната и сега таа мора да се трансформира во нова доверба, низ реформи, но пред сè преку нов начин на водење политика и управување со државата. Ова важи за целото општество, не само за политичките партии и власта. Вистинскиот влог не може да се сведе на едноставен список на реформи. Промената треба да претставува нов поттик за македонското општество. Импулсот беше почувствуван и тој мора да остане и да се материјализира, овојпат со вклучување на сета добра волја. Сегашниот момент е од клучно значење. Сите индикации се опсервирани за да се утврди дали агендата претставува вистинска програма за промени. Ние ќе бидеме со вас за да ја исполните: тоа е должност на европската солидарност.

2. Главниот проблем е спорот и разликите околу името. Има позитивни сигнали и еден нов амбиент. Дали мислите дека ќе се изнајде решение за кратко време или ќе има повторување на минатите напори?

Периодот што е зад нас, беше време на криза за двете засегнати страни, кои сега се наоѓаат во подобри времиња. Оваа стабилност мора да се искористи за да се стави крај на парадоксот кога две соседни земји кои делат повеќе заеднички интереси и стратешка ориентација, остануваат заглавени со прашање кое доведе до натрупување на предрасуди, клишеа и механизми што мора стрпливо да бидат отстранети. Постои еден поинаков амбиент благодарение, меѓу другото, на добрата волја на министрите за надворешни работи на двете земји. Тој треба да овозможи во декември да заживее меѓународниот процес под покровителство на ООН. Оваа насока, како и сите билатерални или регионални иницијативи за помирување мора да бидат поддржани. На грчките власти исто така, ќе им биде полесно да застанат зад еден разумен договор со земја којашто е внатрешно стабилна и која е во добри односи со сите други соседи, а притоа соработува со институциите во Брисел. Важно е да се премине од фаза на еден вид блокада на процесот во нова динамика која почива врз вистинска доверба меѓу засегнатите страни и која по малите направени чекори ќе овозможи да се дојде до голем исчекор.

3. Постои иницијатива за средба во Париз за интензивирање на политичкиот дијалог помеѓу главните политички партии. ВМРО-ДПМНЕ рече дека нема да оди, доведувајќи ја на тој начин во прашање оваа иницијатива. Колку сте вклучени во овој планиран состанок во Вашиот главен град?

Нормалниот парламентарен и политички живот кој ги исполнува демократските критериуми и кога државата е ослободена од партиите, се основните услови за европска интеграција на Македонија. Овие принципи важат за сите држави од регионот и

македонските политички сили треба целосно да ги интегрираат во своето дејствување, ако сакаат да им служат на интересите на својот народ. Јасно е дека останува да се направи многу за да се постигне овој резултат. Не би знаел дали има потреба да се оди во Париз за да се спроведе таков дијалог, бидејќи очигледно е дека некои од пречките со кои се соочува функционалната демократија се од лична човечка природа и ништо повеќе, без да навлегуваме во тоа дали имало интереси поврзани повеќе со еден облик на клептократија отколку со демократија. Ние внимателно ги следиме напорите на Претседателот на Собранието и оние што се охрабруваат да изнајдат практични начини за негова реализација. Убедени сме дека вистинскиот дијалог треба да се спроведе заедно со опозицијата, за која никогаш не смееме да заборавиме дека таа преку своите членови исто така ги претставува граѓаните.

4. Реформите во областа на правосудството се од суштинско значење. Дали мислите дека овој процес се движи во вистинската насока по назначувањето на новиот јавен обвинител и другите случувања, вклучувајќи ги и сите закони кои треба да се донесат во Собранието?

Реформата во областа на правосудството е една од најочекуваните и најмногу набљудувани, зашто таа претставува мерило за искреноста на власта, но и за посветеноста на граѓанското општество да се воспостави владеење на правото, а не да се создава инструмент за одмазда или моќ. Дијалогот на овие теми е нормално активен и интерактивен со Европејците, кои исто така поминале низ периоди на големи тешкотии, а некои од земјите-членки и денес се соочуваат со нив. Во оваа област Франција е особено вклучена преку обуката на судиите и јавните обвинители, низ десетгодишна соработка со Академијата и Франција и понатаму ќе продолжи со својата инвестиција во рамноправен и транспарентен систем за избор на судии, како гаранција за нивната неутралност, без да се заборави разновидноста на општеството во сите негови компоненти. Од друга страна, големиот број правници кои храбро и внимателно побараа промени во однесувањето на властите во однос на процедурите за назначување или унапредување треба да го сочуваат тој ист став и етички интерес. Впрочем, развојот на правосудството ќе зависи од крајната динамика во поглед на интегритетот и грижата на граѓаните, а не од забелешките од Брисел. Сепак, тие мора да бидат сфатени, бидејќи ќе бидат од суштинско значење за вашиот европски пат.

5. Тука е и реформата во областа на медиумите, каде што предлог-законот е ставен на дебатирање. Како ги гледате предложените законски решенија и дали нешто повеќе може да се направи ако се слушаат барањата на новинарските здруженија?

Во областа на медиумите преовладува една нова клима, по периодот на тензии, на напади или заплашувања на новинари, период кој многу придонесе за тој впечаток на меѓународно ниво дека македонската криза е длабока и структурна. Потребно е враќање во еден нормален, плуралистички систем кој ќе биде ослободен што е можно повеќе од партиско влијание или економски притисок. Ова е еден од главните предизвици за целиот регион и јас сум многу задоволен што мојот сограѓанин Арлем Дезир, високиот претставник за слобода на медиумите при ОБСЕ тоа правилно го одмери со сето значење на тој предизвик. За време на неговата скорешна посета, тој го поздрави напредокот на пристапот што неодамна го направија новите политички

структури и нагласи дека планираното треба да бидат спроведено на дело. Тој ја истакна потребата од воспоставување на јавен аудиовизуелен сервис кој ќе биде неутрален и политички независен. Тоа навистина ќе биде круцијално прашање од кое ќе можеме да ја процениме реалноста на промените најавени од страна на новите власти. Јас во оваа прилика ќе се придружам кон пораката на господинот Дезир за успех на "Независен весник" и ќе посакам тој добро да одговори на името што го носи. Квалитетните печатени медиуми остануваат еден од основните услови за демократија.

6. Дали се согласувате со тврдењето на Хан дека Законот за јазиците не е приоритет, дека реформскиот пакет останува приоритет. Дали овој закон треба да добие зелено светло што е можно поскоро?

Барањата на ЕУ се бројни и суштински. Многу е важно агендите да се почитуваат, а тоа нема да биде лесно под сегашните услови во Парламентот. Треба да се има ова на ум и прашањата да се решаваат следствено и методички во периодот на овој собраниски состав. Дебатата за јазиците, со сиот нејзин политички и емотивен набој, за жал, е погодна за несакани манипулации. Не може ли за неа да се разговара кога другите точки од дневниот ред, за кои има консензус и од кои зависи приближувањето кон Европа, ќе бидат решени? Треба да се запрашаме.

7. Премиерот Заев е оптимист дека во февруари следната година земјата ќе може да спроведува задачи за да ја добие евалуацијата и заслуженото место во ЕУ. Во врска со ова, дали сте и Вие оптимист како него?

Оптимизмот на премиерот е еден вид адут. По средбите со него, тој секогаш остава впечаток дека промената е водена од искрена желба. Тој впечаток го констатираме и кај голем број министри. Сите тие се соочуваат со товарот којшто е специфичен за ова општество и треба да бранат понекогаш спротивставени интереси движејќи се по сложениот и тежок европски пат. Но, еден дел од времето изгубено во последните години е надополнет за само неколку месеци. И понатаму ќе биде потребна трпеливост и одлучност. Како што рече претседателот Макрон, европскиот проект нема да биде завршен пред вклучувањето на Западен Балкан. А тоа е одличен патоказ за оптимистите како нас. Неопходно е Македонија и во иднина да биде добра вест кога станува збор за евроинтегративниот процес.